7.10.2008

Меѓународниот ден на достоинствениот труд е установен во 1999 година од страна на МОТ...

Денешниот ден во меѓународни рамки се одбележува на Светски ден на достоинствениот труд.

Како концепт и како програма е установен од страна на Меѓународната организација на трудот во 1999 година, кога е прецизно дефинирано значењето на достоинствениот труд, додека толкувањата се пошироко прифатени во меѓународната заедница. Основачкиот конгрес на Меѓународната конфедерација на синдикатите одлучи 7 октомври 2008 година во целиот свет да се добележи на Светски ден на достоинствениот труд.

Денес Меѓународната конфедерација на синдикатите (ITUC) и Европската конфедерација на синдикатите (ETUC) ќе го одбележат денот со собир во Брисел, на кој ќе зборуваат генералните секретари на двете конфедерации, Гај Рајдер и Џон Монкс. Истите личности ќе зборуваат и на прославата во попладневните часови на плоштадот Трокадеро во Париз.

Достоинствениот труд има четири компоненти: вработување, права, заштита и дијалог. Достоинствениот труд се заснова на уверението дека сите четири компоненти се потребни за создавање најдобра перспектива за социјален напредок и за развој.